ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА АКТИВО ЗА 2025 ГОДИНА

Програма АКТИВНИ ГРАЃАНИ – ДВИГАТЕЛ НА ОДДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ

Младите од село Извор, Општина Чашка, заедно со тимот на Центарот за активни граѓани АКТИВО во партнерство со НВО Инфоцентар преку проектот „Здружени за активно граѓанство“поддржан од Европската Унија во соработка со Оштина Чашка, ја изработија и усвоија својата Годишна програма на Младинскиот клуб за 2026 година.



Програмата е резултат на повеќемесечен процес на вклучување на младите преку обуки, креативни работилници и средби со претставници од Општина Чашка. Во неа се содржани активности кои ќе овозможат поттикнување на младинското учество, развој на креативни и професионални вештини, промоција на вредностите на руралниот развој, и зајакнување на соработката меѓу младите и локалните институции.



Со ова, младите од Извор добија свој функционален и отворен простор каде ќе можат да бидат слушнати, вклучени и поддржани, а програмата ќе биде нивна водилка за реализација на идеи и иницијативи во текот на 2026 година. Центарот за активни граѓани АКТИВО ќе продолжи да го поддржува процесот и да обезбедува можности младите од руралните средини активно да придонесуваат за подобрување на заедницата.



Претставник на АКТИВО избран за член на Локалниот младински совет на Општина Велес

Со особена гордост ја споделуваме вести дека Андреј Божиновски, претставник на Центарот за активни граѓани АКТИВО, е избран за член на Локалниот младински совет на Општина Велес.



Изборот на Андреј претставува признание за неговата посветеност, активизам и континуирана заложба за унапредување на младинските права и интереси на локално ниво. Уверени сме дека со своето искуство, енергија и визија, тој ќе придонесе за креирање на политики и иницијативи кои ги одразуваат потребите и гласот на младите.



АКТИВО останува цврсто посветен на поддршката на младите во нивната борба за подобра и поправедна иднина. Ова е уште еден чекор кон зајакнување на младинското учество и влијание во локалната заедница.

ПРОГРАМА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

Анализа на користењето на податоците за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија

Анализата на користењето на податоците за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија покажа дека надлежните институции во земјава малку ги користат податоците за вистинските сопственици во насока на спречување, откривање и санкционирање на перењето пари и во борбата против тероризмот, а се чини, воопшто не ги користат за други цели и за спречување корупција, криминал и злоупотреби во другите области. Институциите и надлежната Управа за финансиско разузнавање имаат различни податоци за бројот на случаи против перењето пари и финансирањето тероризам.



Истражување за вистински сопственици меѓу функционерите

Преку Регистарот на вистински сопственици се откриени сопственишта во фирми на политички експонирани лица (градоначалници и министри), кои не им се пријавени во изјавите за интереси доставени до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

41 од анализираните 360 поранешни и сегашни функционери, се јавуваат како вистински сопственици во некоја фирма; 23 од овие функционери целосно или делумно ги сокриле своите удели во фирми кога доставувале изјава за интереси до ДКСК.

Разликите во податоците за бизнис-интересите на функционерите укажуваат на отсуство на соодветна проверка и верификација на точноста на податоците и во Регистарот на вистински сопственици, и во изјавите за интереси што избраните и именуваните лица ги доставуваат до ДКСК.



САМО ЗА ДВА МЕСЕЦА, 3.000 ФИРМИ ШТО ДОБИЛЕ ТЕНДЕРИ ГИ ОБЕЛОДЕНИЛЕ СВОИТЕ ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Скопје, 28 јануари 2026 година | Повеќе од 30 претставници на клучни јавни институции, граѓански организации, медиуми и меѓународни организации денеска дискутираа за можностите и начините на користење на податоците од Регистарот за вистински сопственици на правните субјекти како алатка за борба против корупцијата.

Швајцарскиот амбасадор во земјава, Н.Е. Кристоф Сомер истакна примери за откривање и враќање на значајни средства стекнати преку нелегално финансирање, токму преку меѓународна размена на податоци за вистински сопственици. Тој ја истакна и посебната улога на граѓанските организации и истражувачките новинари во откривање на корупцијата и важноста во таа смисла да имаат навремени и доволни податоци за вистинските сопственици. Амбасадорот Сомер, исто така, говореше и за важноста на податоците за вистински сопственици за поддршка на фер и отворен пазар.

Според заменик-претседателот на Владата за добро владеење, Арбен Фетаи, транспарентноста на податоците за вистинските сопственици не е само регулаторен услов, туку камен-темелник на етичкото управување и фер конкуренцијата. Тој ги повика сите засегнати страни да соработуваат за подобрување на квалитетот на податоците, интероперабилноста меѓу институциите како што се Централниот регистар, Управата за финансиско разузнавање, Бирото за јавни набавки и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), како и за зајакнување на процесите на верификација за да се обезбеди точност и сигурност на овие податоци.

Посебно беше истакнато остварувањето на заложбата од Националниот план за Партнерството за отворена власт со која од средината на ноември минатата година фирмите што учествуваат во јавните набавки доброволно ги обелоденуваат своите вистински сопственици на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН). Досега тоа го направиле повеќе од 3.000 фирми. Во оваа смисла, директорката на Бирото за јавни набавки, Маре Богева Мицовска ја нагласи централната улога на Електронскиот систем за јавни набавки. Оваа единствена платформа за спроведување на јавните набавки постојано се развива и надоградува со нови функционалности за унапредување

на транспарентноста и интегритетот во јавните набавки.



Директорката на Централниот регистар, Анета Стамнова ја претстави актуелната состојба со користењето на податоците од Регистарот на вистински сопственици, при што како најчести корисници се јавуваат банките, а од институциите, Агенцијата за финансиско разузнавање во рамките на нејзините законски обврски за спречување перење пари и финансирање тероризам. Таа порача дека Централниот регистар стои на располагање и во иднина, да помогне во процесите за разбивање на сивата економија и корупцијата воопшто, пред сé почитувајќи ги сите позитивни законски норми.

Претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата, Адем Чучуљ, објави дека се работи на директно поврзување на податоците од неколку институции, како Централниот регистар, Катастарот на недвижности, МВР и Управата за јави приходи за директна проверка и користење на податоците, кои би биле достапни и за јавноста.

Новинарката Фросина Димовска од Балканската истражувачка мрежа – БИРН Македонија наведе примери на користење на податоци за вистински сопственици за откривање на злоупотреби, но и конкретни пречки со коишто се соочуваат како истражувачки новинари во обезбедувањето, проверката и вкрстувањето на податоците.

Две спроведени истражувања од граѓанскиот сектор, кои ги презентираше Сабина Факиќ од Центарот за граѓански комуникации, покажаа дека, и покрај формалното воспоставување на Регистар на вистински сопственици во земјава пред точно пет години, неговиот потенцијал останува во голема мера неискористен во системот за борба против корупцијата. Ограниченият пристап, недоследностите на податоците, слабите механизми за верификација, недостатокот на институционална интероперабилност и недоволниот јавен надзор значително ја намалуваат превентивната и истражната вредност на податоците за вистинските сопственици.

Врз основа на наодите од истражувањата, на искажаните планови и заложби на вклучените институции, на европската и светската практика на користење на податоците од Регистрите на вистински сопственици ќе се

изработи документ за јавни политики со препораки за подобрување на користењето на информациите за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија.

Проектот „Користење на податоците за вистинските сопственици за намалување на корупцијата“ е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Швајцарската влада, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.

ЦЕНТАР НА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.„Трајко Панов“ бр.22, 1400 Велес, Република Северна Македонија
aktivoveles@gmail.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје

Годишни работни програми: Здружени за активно граѓанство (2022–2025)

Поддржан од Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија, преку рамковен договори и поврзаните годишни оперативни грантови, НВО Инфоцентар го спроведува четиригодишниот програмски циклус „Здружени за активно граѓанство“. Програмата ги зајакнува локалните граѓански организации (ГО) за да создадат можности за проактивно ангажирање на граѓаните во нивните заедници, овозможувајќи им да ги унапредат своите капацитети преку алијанси и обуки за мобилизација на граѓани, застапување и одржлив развој, и истовремено јакнејќи го јавниот притисок за партиципативна демократија и добро владеење.

Од 2022 година, преку оваа акција, НВО Инфоцентар воспостави соработка со 16 локални ГО, ги поддржа и охрабри да мобилизираат граѓани и да застапуваат партиципативна демократија на локално ниво. Ова е постигнато преку јакнење на нивните капацитети за мобилизација, застапување и одржлив развој, со цел да се поттикнат локалните власти да промовираат и практикуваат партиципативна демократија.



Соработката и поддршката за 16 ГО од Крива Паланка, Велес, Свети Николе, Струмица, Куманово, Теарце, Дебар, Скопје, Маврово и Ростуше, Битола, Струга, Штип, Гостивар и Демир Капија се обезбедува преку серија активности (вклучувајќи обуки, консултации во организација, менторство, настани и локални акции), прилагодени на специфичните потреби на секоја организација и заедница.

Вклучените ГО успешно го применуваат стекнатото знаење од осум обуки на теми од нивен интерес, вклучувајќи користење онлајн алатки за креирање едукативни и информативни видео содржини за социјални мрежи и кампањи; практични чекори за усогласување со Законот за заштита на лични податоци; унапредено прибирање средства и управување со проектен циклус; практична употреба на АИ алатки за ГО; и собирање и анализа на податоци и пишување извештаи.

Континуираната соработка и консултации со локалните ГО резултираа со дизајн и спроведување на 16 настани/локални акции и 16 заеднички иницијативи со новинари и локални медиуми. Овие активности обработија теми важни за локалните заедници, меѓу кои ги издвојуваме:

младински активизам и застапување во рурални средини (Чашка и Теарце);
економско зајакнување на рурални жени (Свети Николе, Дебар, Центар Жупа и Гостивар);
решенија за коегзистенција на населението и зголемениот број на кафеави мечки (Маврово и Ростуше);
подобрување на менталното здравје на младите преку одржлива комуникација помеѓу родители и деца (Крива Паланка);
мапирање на алтернативни културни простори и промовирање на меѓугенерациски културен дијалог (Крива Паланка);
родова еднаквост и родово буџетирање и политики на локално ниво (Струмица и Гостивар);
еднакви можности за мажи и жени (Свети Николе);
превенција од врсничко насилство (Струмица);
вклучување на лица со попреченост во политичкиот и јавниот живот (Крива Паланка);
подигнување на јавната свест за еколошки отпечаток и поттикнување учество во заштита на животната средина.
Овие локални активности овозможија учество на над 1.000 граѓани, вклучувајќи жители, рурални жени, млади, локални експерти, општински и институционални претставници, како и локални и национални новинари.